**Известување за концентрација со која Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд, Тајван и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион, Јапонија**

**ќе стекнат заедничка контрола над Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд., Јапонија**

**(предмет бр. 08-61 од 2026 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 24.03.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд со регистрирано седиште на 15 Ф., бр.207-1, дел 3 Беиксин Рд., Ксиндиан Дист. Нов Тајпеј Сити 231030, Тајван и Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион со регистрирано седиште на 10 Охкура-цхо, Накахара-ку Кавасаки-схи, Канагава, 211-8522 Јапонија ќе стекнат заедничка контрола над Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд. со регистрирано седиште на 1 Дојо, Фуцху-мацхи Тојама-схи, Тојама, 939-2757, Јапонија.

Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд. моментално е во целосна сопственост на Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион (МФТБЦ), зависно друштво на Даимлер Трак Холдинг АГ ("ДТХАГ"), холдинг компанијата на производителот на камиони и автобуси Даимлер Трак АГ ("ДТАГ", заедно со сите поврзани субјекти, "Групацијата Даимлер"). Оттука, како резултат на тоа, МФБМ ќе биде заеднички контролирано од МФТБЦ и Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд (ЛЈИЦ).

-**Митсубисхи Фусо Труцк анд Бас Цорпоратион** (МФТБЦ) е приватно друштво, во мнозинска сопственост и единствено контролирано од Даимлер Трак АГ[1] (ДТАГ) (89,29%). МФТБЦ произведува и дистрибуира лесни камиони, средни камиони и тешки камиони, како и лесни до тешки автобуси за различни намени. МФТБЦ, исто така, произведува соодветни резервни делови, како и индустриски мотори.

Повеќе информации за МФТБЦ се достапни на www.mitsubishi-fuso.com.

МФТБЦ моментално е дел од ДТАГ, корпорација активна во бизнисот со камиони и автобуси и фокусирана на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на ДТАГ за камиони вклучува лесни, средни и тешки камиони за долги растојанија, дистрибуција и транспорт на градилишта, како и специјални возила кои се користат главно во општински примени. Повеќе информации за ДТАГ се достапни на www.daimlertruck.com.

ДТАГ не контролира ниту едно зависно друштво во Северна Македонија, а неговите производи ги дистрибуира независен дистрибутер - трета страна на Групацијата Даимлер во Северна Македонија.

---

[1] Даимлер Трак АГ (*Daimler Truck AG*) е 100% во сопственост на Даимлер Трак Холдинг АГ (*Daimler Truck Holding AG*), кое пак котира на Франкфуртската берза. Останатите 10,71% од малцинските акции со неконтролирачко учество моментално ги поседуваат разни јапонски компании (како што се Мицубиши УФЈ Фајненшал Груп (*Mitsubishi UFJ Financial Group*), Мицубиши Хеви Индастрис (*Mitsubishi Heavy Industries*) и Мицубиши Корпорејшн (*Mitsubishi Corporation*).

Планирано е на 1 април 2026 година, МФТБЦ да стане 100% зависно друштво на Архион Корпорејшн ("Архион"), новоформирана холдинг компанија која ќе поседува 100% од МФТБЦ и Хино Моторс, Лтд. ("Хино"). ДТАГ и Тојота моменталните соодветни акционери со контролирачко мнозинство на МФТБЦ и Хино, ќе станат не-контролирачки малцински акционери, со цел секој да поседува по 25% од Архион.[2] Хино е глобален производител и добавувач на комерцијални возила, т.е. камиони и автобуси[3]..

**-Лин Ји Интернешнл Инвестментс Цо., Лтд,** (ЛЈИЦ) е инвестициско друштво во сопственост на Хон Хаи Прецижн Индастри Цо., Лтд., со седиште на бр. 66, Чунг Шан Роад, Тухенг Дистрикт, Нов Тајпеј Сити, Тајван (НРК). Основано во 1974 година во Тајван, Хон Хаи Прецижн Индастри Цо., Лтд., кое работи под името Фохцонн ("Фохцонн") заедно со своите контролирани субјекти ("Групација Фохцонн"), е глобален производител на електроника и водечки снабдувач на технолошки решенија. Нуди услуги за производство на електроника во следните сегменти на производи: паметна електроника за широка потрошувачка, клауд и мрежи, компјутери; и електронски компоненти и друго.

Повеќе информации за Фохцонн се достапни на www.foxconn.com.

Фохцонн нема присуство или активности во Северна Македонија.

**-Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд** (МФБМ) моментално е зависно друштво во целосна сопственост на МФТБЦ. Ќе се занимава со развој, производство и продажба на автобуси. За таа цел, пред комплетирањето на Предложената трансакција, МФТБЦ интерно ќе ги пренесе средствата, обврските, договорите, и други права и обврски што ги поседува МФТБЦ единствено во врска со бизнисот со авотбуси (што значи развојот, производството, продажбата на автобуси, освен набавка на делови, меѓународна продажба и постпродажни услуги).[4]

Митсубисхи Фусо Бус Мануфацтуринг Цо. Лтд нема присуство или активности во Северна Македонија.

---

2 Видете https://www.hino-global.com/corp/for_investors/disclosure/assets/20251009e_2.pdf

3 Според најдобрите сознанија на МФТБЦ, Хино не е активен во Северна Македонија.

4 Освен Исклучениот бизнис (како што е дефинирано во СПА) кој е Бизнисот и поврзаните средства и обврски што се управувани или се користат за набавка на делови, меѓународна продажба и работење или постпродажни услуги, сите инвестиции во удели што ги поседува МФТБЦ освен оние во Целното друштво, како и сите дистрибутивни или производствени односи за комбиниран бизнис со автобуси и камиони што нема да бидат пренесени од МФТБЦ на Целното друштво согласно Договорот за поделба на друштвото.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.03.2026 година

Скопје